Република Македонија

# ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 1**

**03.02.2014**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09 и 16/13 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2013 година за IV-квартал**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2013 година за IV-квартал донесен на 14-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.01.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-110/1** **Општина Демир Хисар**
**03.02.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**149.** Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ" бр. 5/02/ и член 43 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар"бр.3/02; 4/05 и 7/09/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 30.01.2014 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2013 година за IV-квартал**

1.СЕ УСВОЈУВА Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2013 година за IV-квартал.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07-76/4** **Совет на Општина Демир Хисар**
**30.01.2014 година** **Претседател**
**Демир Хисар** **Ќире Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09 и 16/13 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2014 година**

1.Ја објавувам Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2014 година донесена на 14 –тата седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.01.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-110/2** **Општина Демир Хисар**
**03.02.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**150.** Врз основа на член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 61/2004, 96/2004,67/2007,156/2009 и 47/2011 ), и член 43 од Статутот на Општината Демир Хисар ("Службен гласник на Општината Демир Хисар" број 3/2002) и Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2014 година („Службен веснбик на Република Македонија" број 1/2014) Советот на Општината Демир Хисар на четиринаесетата седница одржана на 30.01.2014 година, донесе

О Д Л У К А
За изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар бр.07-942/11 од 26.12.2014 година

Член 1

Во преамбулата на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2014 година, се бришат зборовите „на седницата" , а се додаваат зборовите „на тринаесеттата седница".

Член 2

Во член 12 став 2 алинеја 1 од Одлуката, зборовите „73,85 денари" се заменуваат со зборовите „73,80 денари до 30.09.2014, а од 01.10.2014 до 31.12.2014 вредноста на бодот изнесува 77,5 денари".

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Демир Хисар", а ќе се применува од 01.01.2014 година до 31.12.2014 година.

**Бр.07-76/5 Совет на Општина Демир Хисар**
**30.01.2014 година Претседател**
**Демир Хисар Ќире Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09 и 16/13 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за определување на вредност на градежно неизградено земјиште за градот Демир Хисар и селата во општина Демир Хисар и определување на почетна вредност на земјоделско земјиште по катастарски општини**

1.Ја објавувам Одлуката за определување на вредност на градежно неизградено земјиште за градот Демир хисар и селата во општина Демир Хисар и определување на почетна вредност на земјоделско земјиште по катастарски општини донесена на 14 –тата седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.01.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-110/3 Општина Демир Хисар**
**03.02.2014 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**151.** Врз основа на член 26 и 27 од Законот за даноци на имот /“Службен весник на РМ“ бр. 61/04...84/12 и член 12 и 13 од Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот /“Службен весник на РМ“ бр. 50/05/ и член 55 точка 4 од Статутот на Општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр. 3/02; 4/05 и 7/09/ , Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 30.01.2014 година донесе

**О Д Л У К А**
**за определување вредност на градежно неизградено земјиште за градот Демир Хисар и селата во општина Демир Хисар и определување на почетна вредност на земјоделско земјиште по катастарски општини**

Член 1

Со оваа Одлука се определува вредност на градежно-неизградено земјиште според местоположбата за градот Демир Хисар и селата во општина Демир Хисар и почетната вредност на земјоделското земјиште по катастарски општини.

Член 2

Цената за метар квадратен градежно неизградено земјиште ќе се движи во зависност од зоната во градот и населеното место и тоа:

I Во Демир Хисар

1. за I зона по 400,оо денари по м2, а ги опфаќа ул.Битолска, ул.Маршал Тито и ул. 1-ви Мај до раскрсницата со ул.Илинденска;

2.за II зона од 320,оо денарои по м2 останатиот дел од новата населба;

3. за III зона од 240 м2 денари по м2 делот под комуникација Битола-Кичево.

**II.** Во селата Кутретино, Суводол, Слепче, Белче, Сопотница

по 160,оо денари по м2

**III.** Во селата Обедник, Загориче, Утово, Стругово, Вардино, Граиште, Бараково, Единаковци, Света, Сладуево, Прибилци, Журче и Жван

по 80,оо денари по м2

**IV.** во останатите села по 50,оо денари по м2

Член 3

Почетната вредност на земјоделското земјиште во катастарските општини во денари за м2 ќе изнесува:

| р.бр | катастарска општина | Класа I | Класа II | Класа III | Класа IV | Класа V | Класа VI | Класа VII | Класа VIII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Демир Хисар и населените места | 60 | 50 | 40 | 30 | 30 | 20 | 10 | 10 |

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07-76/6 Совет на Општина Демир Хисар**
**30.01.2014 година Претседател**
**Демир Хисар Ќире Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09 и 16/13 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за формирање на зони за утврдување на пазарна вредност на недвижниот имот**

1.Ја објавувам Одлуката за формирање на зони за утврдување на пазарна вредност на недвижниот имот донесена на 14 –тата седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.01.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-110/4** **Општина Демир Хисар**
**03.02.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**152.** Врз основа на член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02, 4/05 и 7/09), како и Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот („Службен весник на РМ бр. 50/05,40/10,46/10 и 183/11) Советот на Општина Демир Хисар , на седницата одржана на 30.01.2014 донесе:

**О Д Л У К А**
**за формирање на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот**

**Член 1**

За утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот за утврдување на макро локацијата, а во зависност од погодностите што недвижноста ги дава, особено во поглед на положбата, сообраќајната поврзаност, снабденоста со комунални објекти и инсталации, се формираат зони.

**ПРВА ЗОНА**

Прва зона градот Демир Хисар поделен на:
-I подзона ги опфаќа :ул.Битолска,ул.Маршал Тито и ул.1 ви Мај до раскрсницата со ул. Илинденска;
-II подзона останатиот дел од од новата населба;
-III подзона делот под регионалниот пат Битола- Кичево

**ВТОРА ЗОНА**

Населените места Кутретино,Суводол,Слепче, Белче и Сопотница.

**ТРЕТА ЗОНА**

Населените места Обедник,Загориче,Утово,Стругово ,Слоештица Смилево, Доленци Вардино,Граиште ,Бараково ,Единаковци ,Света ,Сладуево,Прибилци,Журче и Жван.

**ЧЕТВРТА ЗОНА**

Населените места Бабино ,Боиште,Велмевци,Лесково,Ново Село ,Ракитница ,Кочиште ,Железнец,ГолемоИлино,МалоИлино,Базерник,Зашле,Брезово, Мренога,Вирово,Радово,Растојца,Суво Грло, и Церово.

**Член 2**

При определувањето на пазарната вредност на недвижниот имот првата **зона** -прва подзона одговара на тринаесетта зона-трета подзона со вредност од 60 евра ,втора подзона одговара на четрнаеста зона со вредност од 50 евра и трета подзона одговара на четрнаесетта зона-подзона 45 евра утврдена во член 16 од Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот („Службен весник на Република Македонија" бр.50/2005),

**зоната II** одговара на шеснаесетта зона во вредност од 30 евра утврдена во член 16 од Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот („Службен весник на Република Македонија" бр.50/2005),

**зоната III** одговара на седумнаесетта зона во вредност од 15 евра утврдена во член 16 од Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот („Службен весник на Република Македонија" бр.50/2005),

**зоната IV** одговара на осумнаесетта зона 5 евра утврдена во член 16 од Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот („Службен весник на Република Македонија" бр.50/2005.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Демир Хисар".

**Број 07- 76/7** **Совет на општина Демир Хисар**
**30.01.2014 година** **Претседател ,**
**Демир Хисар** **Ќире Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09 и 16/13 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за измени и дополнување на Програмата за донесување на УП за Општина Демир Хисар за 2014 година**

1.Ја објавувам Одлуката за измени и дополнување на Програмата за донесување на УП за Општина Демир Хисар за 2014 година донесена на 14 –тата седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.01.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-110/5 Општина Демир Хисар**
**03.02.2014 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

153.Врз основа на член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање-пречистен текст („Сл.весник на РМ бр.51/05; 137/07; 91/09; 124/10; 18/11; 53/11 и 144/12; 70/2013; 55/2013 и 163/2013) член 22 став 1 точка 1 и точка 2 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр.5/02) и член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр.3/2002 год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 30.01.2014 год. Донесе

***О Д Л У К А***
***За изменување и дополнување на ПОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2014 год*.**

Член 1
Во членот 1, глава V, после точката 7 се додава нова точка која гласи:

1.Изработка Урбанистички планови за село за следните населени места: с.Суводол-Кутретино во површина од 85,32ха; с.Слепче-27,45ха; с.Белче-31,8ха; с.Обедник-16.5ха; с.Сопотница-81,48; с.Жван-27,47ха; с. Слоештица -22,57ха; с.Доленци-15,79ха; с.Велмевци-20ха; с.Смилево-31ха, или вкупна површина од 359,38ха. Површината изразена во хектари е превземена од постоечките Урбанистички планови (УДНМ; УП за села; општи акти и графички прилози) и во постапката можно е да има корекции на истата.

Член 2
Измените на Програмата влегуваат во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Број 07- 76/8 Совет на општина Демир Хисар**
**30.01.2014 година Претседател ,**
**Демир Хисар Ќире Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09 и 16/13 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Демир Хисар за 2013 година**

1.Ја објавувам Одлуката за усвојување на Годишен извештај за остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Демир Хисар за 2013 година донесена на 14 –тата седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.01.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-110/6 Општина Демир Хисар**
**03.02.2014 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**154**.Врз основа на член 129 з и ставовите 1, 2 и 4 од Статутот на општина Демир Хисар ("Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02, 4/05 и 7/09), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 30. 01. 2014 , донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишниот извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Демир Хисар за 2013 година**

Член 1
Се усвојува Годишниот извештај за оставрувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Демир Хисар за 2013 година, подготвен од Градоначалникот на општина Демир Хисар.
Член 2
Овој Годишен извештај по усвојувањето се доставува до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап од јавен карактер.
Член 3
Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07-76/9 Совет на општина Демир Хисар**
**30.01.2014 Претседател**
**Демир Хисар Ќире Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09 и 16/13 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за авто-такси превоз на патници во општина Демир Хисар донесена на 14 –тата седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.01.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-110/7** **Општина Демир Хисар**
**03.02.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

***155.***Врз основа на член 54 од Законот за превоз во патниот сообраќај (Сл.весник на РМ бр.68/04) и член 43 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл.гласник на општина Демир Хисар бр.3/2002), а во согласност со член 111 и 112 од Деловодникот за работа на Советот на општина Демир Хисар(Сл. Гласник на општина Демир Хисар бр. 03/02). Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 30.01.2014 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА АВТО - ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВООПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на општина Демир Хисар ги утврдува условите за вршење на авто - такси превоз на патници согласно член 54 став 1 од Законот за превоз во патниот сообраќај (Сл.веснок на РМ бр.68/04) а во врска со:

- локација и капацитет на такси постојки;
- обележување и опремување на такси станици;
- бојата на возилата;
- унифицирани ознаки и опрема на такси возилото;
- тарифа и начинот на користење на такси станиците;
- максимален број на такси возила со кои може да се врши авто такси превоз на патници.

**Член 2**

Локации и капацитет на такси постојките се следни:

1. Паркиралиште од источна страна на ул.„Битолска“ (наспроти Здравствен дом) со капацитет од 4 паркинг места (надолжно паркирање);
2. Паркиралиште од источна страна на ул.„Битолска“ (наспроти автобуска станица) со капацитет од 4 паркинг места (надолжно паркирање);
3. Паркиралиште на ул.„1-ви Мај“ со капацитет од 2 паркинг места ( паркирање под агол од $90^0$);

**Член 3**

Такси - станиците ќе бидат обележани со стандардна хоризонтална сигнализација во жолта боја со натписи „TAXI„ и вертикална сигнализација.

**Член 4**

Такси - станиците можат да ги користат само возилата регистрирани за такси дејност (кои поседуваат лиценца).

Бројот на паркирани такси - возила на која било такси станица не може да биде поголем од утврдениот во член 2 од оваа Одлука.

**Член 5**

Бојата на возилата со која ќе се врши авто - такси превоз ќе е црвена.

На предните врати на такси - возилата се поставува грбот на општина Демир Хисар, со димензии 300 (мм) х 350 (мм), околу грбот на горната страна се поставува името на правниот субјект под кој е лиценциран, под грбот се пишува регистарскиот број на такси лиценцата и повикувачкиот телефон со кој се повикува возилото.

Големината на буквите со кои ќе се испишани натписите 40 х 70 мм со дебелина на буквите 10 мм.

На лиценцираните возила со кои се врши такси дејност не смее да има други ознаки.

**Член 6**

На покривот на авто такси возилото мора да биде истакната светлечка табла само со назив „TAXI„.

Таблата од став 1 на овој член е во форма на пресечена пирамида со правоаголна основа со димензии на страните на основата 350х160мм, на горната површина 250х80мм со заоблени рабови, висината 120 мм и дебелина на рабовите на таблата 15 мм. Големината на буквите е 40 х 70 мм со дебелина на буквите 10 мм.

**Член 7**

Цената на превозот се наплатува од корисникот врз основа на износот утврден согласно апаратот (таксиметар, фискален апарат) според утврдена тарифа.

Тарифата по која се наплатува авто - такси превозот ќе биде:

1. Стартна цена 20,00 денари и за секој нареден изминат километар 20,00 денари.

**Член 8**

Авто - такси превозникот е должен тарифата да ја истакне на видно место во возилото на предното ветробранско стакло.

**Член 9**

Максималниот број на такси возила со кои може да се врши авто такси превоз на патници изнесува 10.

**Член 10**

Со денот на влегување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за организирање на такси-превозот на подрачјето на општина Демир Хисар бр.07-193/2 од 28.09.1999 година.

**Член 11**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар .

**Бр.07-76/10 Совет на општина Демир Хисар**
**30.01. 2014 год. Претседател**
**Демир Хисар Кире Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05; 7/09 и 16/13 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Препораката за исполнување на услови и основани потреби за основање на облик на месна самоуправа**

1.Ја објавувам Препораката за исполнување на услови и основани потреби за основање на облик на месна самоуправа донесена на 14 –тата седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.01.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-110/8 Општина Демир Хисар**
**03.02.2014 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**156**.Врз основа на член 82 точка 1 и 2 од Законот за локалната самоуправа ( „Сл.весник на РМ" бр.5/02), а во согласност со член 43 точка 42 и членовите 130, 131, 132, 133 и 134 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05, 7/09 и 16/13) и член 2 од Одлуката за усвојување на Правила за работа на месните заедници во општината Демир Хисар (Службен гласник на општина Демир Хисар бр.14/2013 и 16/2013), Советот на општина Демир Хисар на ден 30.01.2014 година, донесе:

**Препорака за исполнување на услови и основани потреби за основање на облик на месна самоуправа**

Советот на општина Демир Хисар ја разгледа Иницијативата за формирање на месна заедница Рудничка населба, како и образложениeто на потребите за основање од претставниците на Иницијативата и го констатира следново:
-Иницијативата го исполнува условот од 10 % потпишани граѓаните, жители на подрачјето за кое има интерес за основање на облик на месна самоуправа, застапен во член 132 и 133 од Статутот на општина Демир Хисар ("Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02, 4/05 и 7/09),
-Советот на општина Демир Хисар во делот "описот на подрачјето за кое се бара основање облик на месна самоуправа",застапен во член 133 од Статутот на општина Демир Хисар ("Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02, 4/05 и 7/09), препорачува да биде така утврдено да истото претставува една територијална целина а не со делови од одредени други целини кои влегуваат во други делови од населбата. Имено, Советот препорачува дека најдобрата природна граница на делот за кој што се покренува Иницијатива треба да претставува делот од село Сопотница кој се наоѓа јужно од регионалниот пат Р-1305 Кичево-Битола.
-Советот препорачува името на месната заедница да биде "Месна заедница Рудничка населба", во границите на т.н. Рудничка населба во с.Сопотница јужно од регионалниот пат Кичево-Битола,

Со оглед на горенаведеното, Советот дава **позитивна препорака** за поднесената Иницијатива, и ги упатува подносителите Иницијативата да ја преточат во Одлука за основање на месната заедница која се донесува на Собир на граѓани по пат на јавно гласање со мнозинство гласови од присутните граѓани.

**Бр.07-76/11 Совет на општина Демир Хисар**
**30.01.2014 Претседател**
**Демир Хисар Ќире Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05; 7/09 и 16/13 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за определување на опфатот на постојаната урбана заедница во градот и месните заедници во населените места**

1.Ја објавувам Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за определување на опфатот на постојаната урбана заедница во градот и месните заедници во населениет места донесена на 14 –тата седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.01.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-110/9** **Општина Демир Хисар**
**03.02.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**157.**Врз основа на член 82 став 1 и 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р Македонија бр.05/02“), а во согласност со член 42 точка 43 и членовите 130, 131, 132, 133 и 134 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар бр.3/02; 4/05; 7/09 и 16/13), како и во врска со членовите 111 и 112 од Деловникот за работа на Советот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.3/02“) Советот на општина Демир Хисар на ден 30.01.2014 година , донесе:

**ОДЛУКА**
**за измена и дополнување на Одлуката за определување на опфатот на постојаната урбана заедница во градот и месните заедници во населените места**

Член 1

Со оваа одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за определување на опфатот на постојната урбана заедница во градот и месните заедници во населените места бр.07-797/5 од 29.10.2013 објавена во Службен гласник на општина Демир Хисар бр.14/2013.

Член 2

Во повиканоста, после зборовите “Статутот на општина Демир Хисар”, се додаваат зборовите (“Службен гласник на општина Демир Хисар” бр. 3/02, 4/05 и 7/09).

Член 3

Во член 2 бројот 39 се заменува со бројот 40.

Член 4

Во член 4 се додава нова алинеја која гласи- “Месна заедница Рудничка населба”, во границите т.н. Рудничка населба во с.Сопотница, јужно од регионалниот пат Р-1305 Кичево-Битола.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07-76/12** **Совет на општина Демир Хисар**
**30.01.2014** **Претседател**
**Демир Хисар** **Ќире Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09 и 16/13 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2013 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2013 година донесен на 14 –тата седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.01.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-110/10** **Општина Демир Хисар**
**03.02.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**158.** Врз основа на член 92 став 1 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.3/02, 4/05 и 7/09) разгледувајќи ја информацијата за статусот на недвижнниот имот сопственост на општина Демир Хисар Советот на Општина Демир Хисар на шестата седница одржана на 30.01.2014 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2013 година**

1.СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализција на Програмата за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 07-76/ 13** **Совет на Општина Демир Хисар**
**30.01.2014 година** **Претседател**
**Демир Хисар** **Ќире Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09 и 16/13 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решението за престанок на мандат на член на Совет на Општина Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за престанок на мандат на член на Совет на Општина Демир Хисар донесено на 14 –тата седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.01.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-110/11** **Општина Демир Хисар**
**03.02.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**159.**Врз основа на член 46 став 1 алинеја 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр. 5/02“) член 39 став 1 алинеја 1 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02) , а по барање на Ристевски Ќире од с. Слепче вработен во СОУ „Крсте П. Мисирков“ , Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 30.01.2014 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За претстанок на мандатот на член на Совет на Општина Демир Хисар**

1.На Ќире Ристевски од с.Слепче вработен во СОУ „Крсте П. Мисирков“ досегашен член на Советот на Општина Демир Хисар од ВМРО ДПМНЕ - коалицијата му престанува мандатот на член на Советот на Општина Демир Хисар сметано од денот на одржувањето на седницата.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

О б р а з л о ж е н и е

Ќире Ристевски член на Советот на Општина Демир Хисар со функција советник на ден 16.01.2014 година поднесе писмена оставка до Советот на Општина Демир Хисар поради постоење судир на надлежности.

При разгледувањето на оставката се констатира дека наводите се оправдани, па согласно законската регулатива се одлучи како во диспозитивот на Решението.

**Бр.07-76/14** **Совет на Општина Демир Хисар**
**30.01.2014 година** **Претседател**
**Демир Хисар** **Ќире Ристевски с.р.**

---------------------------------------------------------------

**С О Д Р Ж И Н А**

1.Заклучок за усвојување на Квартален извештај за реализација на Буџетот на општина Демир Хисар за 2013 година-IV квартал.

2.Одлука за измени дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот за 2014 година.

3.Одлука за определување вредност на градежно-неизградено земјиште според местоположбата за градот Демир Хисар и селата во општина демир Хисар и почетната вредност на земјоделското земјиште по катастарски општини.

4.Одлука за формирање на зони за утврдување на пазарна вредност на недвижниот имот во Општина Демир Хисар.

5.Одлука за измени и дополнување на Програмата за донесување на УП за Општина Демир Хисар за 2014 година.

6.Одлука за усвојување на Годишен Извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Демир Хисар.

7.Одлука за авто-такси превоз на патниците во општина Демир Хисар.

8.Препорака за исполнување на услови и основани потреби за основање на облик на месна самоуправа.

9.Одлука за измена и дополонување на Одлуката за определување на опфат на постојаната урбана заедница во градот и месните заедници во населените места.

10. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на општина демир Хисар за 2013 година.

11.Решение за престанок на мандатот на член на Совет на Општина Демир Хисар на советникот Ќире Ристевски.

**Издава: Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**
**Градоначалник.**
**Љупчо Блажевски**
**Компјутерска обработка: Виолета Пајковска**